**ПОВИК ЗА**
**ИСТРАЖУВАЧ НА ТЕРЕН**

Локална Акциона Група Скардус во рамките на своите програмски активности и во соработка со Општина Јегуновце го спроведува проектот "Градење на функционално партнерство меѓу локални институции, бизнис сектор и НВО". Проектот е финансиран од ЕВРОТИНК - Скопје во рамките на вториот повик на "ИПА 2 механизам за граѓански организации - IPA2CSO" проектот.

Целта на проектот е да се изгради функционално партнерство меѓу локални институции, бизнис сектор и НВО" со цел да се подобри економската состојба на територијата на која делува ЛАГ Скардус.

Во рамките на проектот "Градење на функционално партнерство меѓу локални институции, бизнис сектор и НВО" ќе се спроведе истражување на моментална состојба за соработка на локални институции, бизнис сектор и НВО на територијата на која делува ЛАГ Скардус и од кое ќе произлезат препораки.

За таа цел се распишува повик со Реф. Бр. 0308-232/ 2 за истражувач на терен. Теренскиот истражувач треба да:

- Има искуство во спроведување на теренски истражувања
- Да ја познава територијата на општините Јегуновце, Теарце и Тетово
- Во текот на работниот ангажман да има минимум 100 пополнети прашалници

Теренскиот истражувач ќе се ангажира во времетраење од 10 работни дена во период од 26 февруари 2018 до 16 март 2018 година. Средствата ќе бидат исплатени на сметка на панелистот по завршувањето на теренското истражување.

Сите заинтересирани своите кратки биографии со назнака за "Повик Реф. Бр. 0308-232/ 2" треба да ги испратат најдоцна до 23 февруари 2018 до 16:00 часот на маил lag.skardus@gmail.com.

Избраниот кандидат ќе биде контактиран до 28 февруари 2018.
.

Со почит,
Дубравка Ѓилас
Проектен координатор